Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-63/3
25.11.2024, Скопје

U.S. Embassy Skopje

За потребите на проектот „Младите против врсничко насилство", финансиран од Амбасадата на САД во Скопје, врз основа на Договорот за грант меѓу Амбасадата на САД во Скопје и Институтот за човекови права бр. 0307-50/1 од 18.09.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), програмскиот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОВИК 4/2024
за набавка на услуги за изработка на визуелни продукти

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Младите против врсничкото насилство" (финансиран од Амбасадата на САД во Скопје) има потреба од **услуги за изработка на визуелни продукти**, кои ќе бидат неопходни за успешно реализирање на програмските активности.

2. Опис на активностите:
   - Изработка на шест инфографици;
   - Изработка на два GIF.

   Подетален опис на услугите е даден во проектната задача 4/2024.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Услугата треба да се испорача во период од **декември 2024 до септември 2025.**

4. ИЧП ќе склучи договор со избраниот понудувач за реализација на услугите наведени во оваа покана.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:
За правни лица:
- Тековна состојба од Централен регистар на РСМ и портфолио со претходни слични ангажмани, со фокус на потребната квалификација и искуство.

За физички лица:
- Биографија и портфолио со претходни слични ангажмани, со фокус на потребната квалификација и искуство.

6. Изборот на понудувачот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

Квалитативна евалуација	**Максимум можни бодови**
Искуство	40
Вкупно бодови	**40**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	60

Вкупно бодови	**60**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	40
Просечна оценка за финансиска евалуација	60
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата и доставување на бараните продукти.

8. Начин на доставување на апликацијата

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **2.12.2024 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **28.11.2024 година**.

Институт за човекови права

Весна Стефановска
Институт за човекови права